NSW HEALTH

## Прашања и одговори: Контаминација на монистата Bindeez ™ beads

### Што е проблемот со Bindeez beads?

Се чини дека во овие мониста е употребена отровна наместо безбедна хемикалија. Кога ќе се голтне, оваа хемикалија во телото се менува во GHB.

### Што е GHB?

GHB (гама-хидроксил-бутират) е јако средство за смирување и анестетик.

### Кои се знаците дека детето е под влијание на GHB?

Знаците се разликуваат во зависност од тоа колку мониста голтнало детето.

Детето кое е под благо влијание може да биде малку дремливо или да не може да се контролира во однесувањето. При поголеми дози, кај децата може да се појават гадење и повраќање, зашеметеност, нејасен говор, тие може да бидат многу поспани или да добијат епилептичен напад.

Сите симптоми исчезнуваат после неколку часа.

### Што треба да направам ако моето дете покажува знаци дека е под влијание на GHB?

За деца кои се под мало влијание, одете кај докторот по општа пракса или во локалната болница.  Ако се појават посериозни знаци, повикајте брза помош.

Родителите не треба да ги тераат децата да повраќаат.

### Што да се прави ако детето игра со Bindeez beads?

Родителите треба да им ги земат монистата на децата и да ги стават на место каде што тие не ќе можат да ги дофатат.  Децата кои не голтнале мониста и кои не покажуваат знаци на дремливост или гадење веројатно не се изложени на дејството на GHB.  Овие деца треба да се надгледуваат дома – ако не се појават никакви симптоми во рок од еден час, мали се изгледите дека тие биле изложени на штетно влијание.

Се смета дека само допирањето на монистата или мозаикот не предизвикуваат никакви здравствени проблеми.

### Што да правите со Bindeez beads?

Bindeez beads треба да им се одземат на децата и да се чуваат на место каде тие нема да можат да ги дофатат.  Родителите треба да го вратат производот на дистрибутерот колку што се може побрзо и да ги проследат упатствата на нивните Интернет страни на: http://www.mooseworld.com.au/content/bindeezrecall/faq.aspx, или да телефонираат во Moose Enterprises на **1800 303 895.**

За повеќе информации како оваа хемикалија делува на здравјето, ве молиме телефонирајте во **Poisons Information Centre (Информативен центар за отрови) на 131 126** или во локалната здравствена установа:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Camperdown | 02 9515 9420 | Penrith | 02 4734 2022 | Broken Hill | 08 8080 1499 | Newcastle | 02 4924 6477 |
| Gosford | 02 4349 4845 | Randwick | 02 9382 8333 | Dubbo | 02 6841 5569 | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| Hornsby | 02 9477 9400 | Albury | 02 6080 8900 | Goulburn | 02 4824 1837 | Tamworth | 02 6767 8630 |
| Parramatta | 02 9840 3603 | Bathurst | 02 6339 5601 | Lismore | 02 6620 7500 | Wollongong | 02 4221 6700 |

**За ургентна медицинска помош, телефонирајте на 000**